Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67- та седница одржана на 13.05 .20212 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1837/1 од 07.05.2021 година, во која се изразува незадоволство од начин на спроведување на постапки за изградба на детски игралишта во повеќе општини, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, односно во пријавата нема јасни наводи за незаконити или недозволиви дејствија на службено лице при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-1837/1 од 07.05.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 07.05.2021 година, доставена е пријава во која незадоволство од начин на спроведување на постапки за изградба на детски игралишта во повеќе општини, и оформен е предмет број 12-1837/1 од 07.05.2021 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека во голем дел на општините детските игралишта се правеле надвор од стандардите, односно истите се небезбедни и опасни за децата со екстремно низок квалитет, притоа смета дека постапката е криминална.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи, односно нема информации дали службени лица во смисла на член 8 став 2 од ЗСКСИ се вклучени во

спомenатите дејствија, конкретни податоци за јавни набавки, туку е наведено дека генерално во повеќе општини начинот на спроведување на постапките е криминален.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: С.М
Одобрил: м-р Ш.С-член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk